| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ10 УБ10.1 и ДУП за УЗ10 УБ 10.1 – опфат 1** Охрид , Општина Охрид |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Охрид |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Охрид |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Кирил Илоски |
| Назив на работното место | Раководител на Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште |
| Контакт податоци за лицето | Тел. 046/262-492; |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Планската документација е изработена во сè според Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25,),), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) и Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со Акциски план (Службен весник на РСМ 45/2020)како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива.<br>Предмет на задачата е изработка на Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 од Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1, во обединета постапка, Општина Охрид.<br>Постапка за изготвување на **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1** од **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1, во обединета постапка, Општина Охрид,** е покрената врз основа на одобрена иницијатива од приватно лице.<br>Со изработка на Измена и дополнување на ГУП УЗ10 УБ10.1, општина Охрид од Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1, во обединета постапка, Општина Охрид се овозможува поставување на граници на зони според намената на земјиштето, генерална регулација со регулациони линии со кои се уредува примарната и дел од секундарната сообраќајна мрежа опфатени со **генералниот урбанистички план** и формирање на градежни парцели, нивна функционалност, диспозиција и капацитет, како и максимално користење на просторот и можности за реализација на планот кои ќе бидат опфатени **со деталната разработка** во рамки на границите на Измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 – опфат 1, како дел од оваа постапка. При тоа, неминовно е усогласување со постојната состојба и претходната урбанистичко-планска документација која го третира планскиот опфат.<br>Предмет на задачата е изработка на Изменување и дополнување на ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1 од Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 - опфат 1 во обединета постапка, Општина Охрид.<br>Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со комплементарни, компатибилни и алтернативни намени на основната класа на намена, дефинирани со законска регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност и максимална<br>висина до венец, имајќи ги во предвид Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25),приоритетните погодности и ограничувања преку анализата на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни и инфраструктурни решенија.<br>Предметниот планскиот опфат се наоѓа во границите на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион чијашто заштита и управување е уредено со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020 - 2029. Планот за управување е централен плански инструмент за заштита, користење, конзервација и одржлив развој на доброто, но и заштита на неговата автентичност и интегритет и пренесување на идните генерации. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да☐<br>Не☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| / |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да ☐<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесувањето на овој плански документ е да се создадат услови за планирање на организирани простори кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето, како и да се изврши усогласување на постојните парцели и планираните објекти-доградби, надградби како и новопланирани површини за градба, максимална висина и максимално бруто изградена површина. Исто така главни цели за донесување на овој плански документ се и следните:<br>1. рамномерен просторен развој;<br>2. рационално уредување и одржливо користење на просторот;<br>3. создавање и унапредување на условите за хумано живеење и<br>работа на граѓаните;<br>4. надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;<br>5. одржлив просторен развој;<br>6. сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина<br>и природата;<br>7. справување со климатските промени со вградување на стратегии на одржливост во просторниот развој ;<br>8. сочувување и заштита на недвижното културно наследство и<br>9. безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.<br>Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:<br>1. интегрален пристап во планирањето;<br>2. грижа и развој на регионалните особености;<br>3. остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес;<br>4. јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>5.инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;<br>6. хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и<br>7. уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| Планскиот период за **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 Општина Охрид** е од 2024 до 2034.<br>Планскиот период за **Изменување и дополнување на ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1, Општина Охрид** е од 2024 до 2029. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** | | | |

| |
|---|
| Планскиот опфат за предметниот план **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1** од **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1, во обединета постапка, Општина Охрид** е дефиниран со следните граници:<br>- На **северозапад** границата се движи по осовината на планираната по ГУП собирна улица С2 „7.ми Ноември“,<br>- На **југозапад** границата се движи по осовината на планираната по ГУП собирна улица С3 „Прв Градски Ринг“<br>- На **југ** границата се движи по осовината на планираната по ГУП сервисна улица СЕ 10.1 „Марко Несторoски “<br>- На **Исток** границата се движи по осовина на планираната по ГУП сервисна улица СЕ 10.2 „Питу Гули“.<br>Согласно опишаните граници за Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ10.1 од Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1-опфат 1, во обединета постапка, Општина Охрид, вкупната површина на планскиот опфат изнесува **15.70 ха**.<br><br>Планскиот опфат за предметниот план **Изменување и дополнување на ДУП за УЗ 10 УБ 10.1- опфат 1** од **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 - опфат 1 во обединета постапка, Општина Охрид** е дефиниран со следните граници:<br>- На **северозапад** границата се движи по осовината на планираната по ГУП собирна улица С2 „7.ми Ноември“,<br>- На **југозапад** границата се движи по осовината на планираната по ГУП улица собирна улица С3 „Прв Градски Ринг“,<br>- На **југоисток** границата се движи по надворешна граница на КП 10815/3, потоа се движи по надворешна граница на КП 10817 и продолжува по осовината на планираната по ДУП улица („Крсте Мисирков“),- На **североисток** границата се движи по осовина на планираната по ГУП сервисна улица СЕ 10.2 „Питу Гули“.<br>Согласно опишаните граници за Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 - опфат 1 во обединета постапка, Општина Охрид, вкупната површина на планскиот опфат изнесува **9.219 ха.** |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да ☐<br>Не ☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(**Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со реализација на планскиот документ се предвидува зголемување на степенот на искористување на градежното земјиште, изнаоѓање на оптимално решение при решавањето на стационарниот сообраќај (паркирање и гаражирање) во планираниот опфат. Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион и заштитен од страна на УНЕСКО.<br>Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(Сл. Весник на РМ бр.75/10), Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) како и одредбите од |

| | |
|---|---|
| Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа Организација.<br>Во однос на потенцијалните влијанија е сензитивно подрачје бидејќи е на одредена оддалеченост на Охридското Езеро, на повеќе културно-историски споменици и други вредности.<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>-Расчистување на вегетација, движење на механизацијата, складирање на материјали на несоодветни локации<br>-Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава<br>-Евентуални пропуштања и истекување на масло од возилата или опремата<br>-Создавање на различен вид отпад(вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт) | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата;** | Со важечката планска документација од повисоко ниво и тековните измени за истата, за **планскиот опфат за детална разработка** од **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 - опфат 1 во обединета постапка, Општина Охрид**<br>предвидени се следните групи на класи на намени:<br>**А – ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ**<br>**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**<br>**В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**<br>**Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**<br>**Е - ИНФРАСТРУКТУРИ**<br>а согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25) и планската програма, основни класи на намени кои се планираат во рамки на границата опфатена за детална разработка, **како дел од обединетата постапка** се:<br>**А – ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ**<br>А1 – Домување во куќи<br>А2 – Домување во згради<br>**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**<br>Б2 – Големи единици за трговија<br>**В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**<br>В2 – Здравствена и социјална заштита<br>В4-Државни администрации и институции<br>**Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**<br>Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило<br>Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини<br><br>Со важечката планска документација од повисоко ниво и тековните измени за истата, за **планскиот опфат за детална разработка** од **Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 - опфат 1 во обединета постапка, Општина Охрид**<br>предвидени се следните групи на класи на намени и класи на намени:<br>**А – ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ**<br>**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**<br>**В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**<br>**Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**<br>**Е - ИНФРАСТРУКТУРИ**<br>а согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25) и планската програма, основни класи на намени кои се планираат во рамки на границата опфатена за детална разработка, **како дел од обединетата постапка** се:<br>**А – ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ**<br>А1 – Домување во куќи |

| | |
|---|---|
| | А2 – Домување во згради<br>**Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**<br>Б2 – Големи единици за трговија<br>**В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ**<br>В2 – Здравствена и социјална заштита<br>В4-Државни администрации и институции<br>**Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ**<br>Д2- Заштитно и сообраќајно зеленило<br>Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини<br>**Е - ИНФРАСТРУКТУРИ**<br>Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури,<br>Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија – трафостаници<br>со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25)<br>При изградба на објектите предвидени со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и не се очекува да има значајно влијание врз животната средина. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Со реализација на планскиот документ нема да има значајно влијание врз микроклимата. Потребно е да се почитуваат планските решенија на примарната сообраќајна мрежа дефинирана во ГУП за град Охрид, како и да се предвиди секундарна сообраќајна мрежа во рамките на блокот. Да се планира комунална инфраструктура во согласност со законската регулатива и сите водови да се водат подземно и во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина по однос на несреќи кои би можеле да се случат. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Површината на Општина Охрид изнесува 378,3км2, а во неа се регистрирани 29 населени места со 53 857 жители. Во ГУП на град Охрид градот е третиран во системот на урбани населби - град со посебни амбиентални, културни, естетски, архитектонски и други вредности. Административно-територијалната поделба на градот извршена е на урбани заедници. Во содржината на урбаните заедници доминира домувањето, но во некои од нив во голема мера присутни се и нестамбени содржини - индустрија, сервиси, хотелиерство, културно-историски споменици и др. Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО.<br>Големината за плански опфат на ГУП за УЗ 10 УБ10.1 изнесува **15.70 ха**.<br>Големината за плански опфат на ДУП за УЗ 10 УБ 10.1 - опфат 1 изнесува **9.219 ха.** |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Со планскиот документ ќе се добие позитивен ефект во контекст на економските и социјалните влијанија. Ќе се овозможи валоризација и афирмација на просторот и задоволување на потребите на жителите на овој плански опфат. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот** |

<table>
<tr><td colspan="2">документ:<br>Областа со реализација на планскиот документ ќе добие зголемена вредност. Од друга страна со зголемување на густината на изграденост се менува амбиенталноста на просторот и пејсажните карактеристики.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО. Најважна карактеристика на овој регион е дека областа е еколошки чиста и е на одредена оддалеченост од Охридското Езеро и НП Галичица. На одредена оддалеченост на овој плански опфат има и заштитена природна реткост дрво – Чинар (Platanus orientalis) – Горна Влашка Маала, кое се наоѓа спроти главниот влез на ООУ Христо Узунов. Доколку при уредување на просторот се наиде на археолошки артефакти, односно до откривање на материјални остатоци со културно историска вредност, потребно е да се постапи согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство, односно веднаш да се запре со отпочнатите активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.<br>Потребно е да се почитуваат одредбите од:<br>-План за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(2020-2029) со Акциски план објавен во (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 45/20)<br>-Закон за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот регион(2020-2029) со Акциски план објавен во (“Сл.весник на Р.Северна Македонија“ бр. 75/10)<br>-Закон за заштита на во Охридското,Преспанското и Дојранското Езеро (“Сл.весник на СФРЈ“ бр. 45/77)<br>- како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа Организација</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Нема да има значително влијание врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Земјиштето на кое ќе се реализира планскиот опфат претставува градежно земјиште бидејќи се наоѓа во градежен опфат и нема интензивна употреба.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО .<br>Просторот на предметниот опфат е на одредена оддалеченост од Охридското Езеро и Националниот парк Галичица и на одредена оддалеченост на дрво – Чинар (Platanus orientalis) – Горна Влашка Маала кое е заштитена природна реткост.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ претставува рамка во која се предвидува реализација на објекти со класа на намена :<br>А – ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ<br>Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ<br>В – ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ<br>Д – ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ<br>Е - ИНФРАСТРУКТУРИ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска</td></tr>
</table>

**зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина и во опфат на на просторот кој е предмет на планирање се наоѓаат исто така и други објекти од историско, религиозно и општествено значење, верски објект Хаџи-дургут и Света Недела познат како крст-џамија, ООУ „Христо Узунов", ООУ „Братство Единство", детската градинка ЈОУДГ Јасна Ристеска објект „Развигорче", ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Охрид и други институции.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Урбанистичката документација треба да обезбеди рационално искористување на планираните површини за одредени намени. Неопходно е согледување на реалните капацитети на постојната инфраструктура за обезбедување на потребите на градбите во рамки на планскиот опфат.
Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе придонесе за зголемен развој на Општина Охрид од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и сл.
Од друга страна, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина , односно:
Воздух: Зголемена фреквенција на возила, работни активности на услужните објекти, употреба на енергенси
Бучава: Зголемено ниво на бучава од превозните средства во фаза на изградба.
Вода: Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата.
Почва: Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.
Природно и културно наследство: Предметната локација се наоѓа во опфат на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Службен весник на РМ, број 75/10), Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.
Транспорт: Зголемена фреквенција на возила
Отпад: Генерирање на отпад
Во стратегиското планирање акцентот на развојот на локацијата треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
-Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата
-Придонес во локалната и националната економија

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)?**
Целокупната активност во овој плански опфат ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа. Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторна организација на урбаниот опфат.
Урбаниот опфат припаѓа во границите на делот од природно и културно наследство на охридскиот регион заштитен од страна на УНЕСКО. Урбаниот опфат е сместен северо-источно од централниот дел на град Охрид и неговата местоположба е на околу 1.5 км од центарот на Град Охрид.

Просторот на предметниот опфат е на одредена оддалеченост од Охридското Езеро и Националниот парк Галичица и на помала оддалеченост на дрво – Чинар (Platanus orientalis) – Горна Влашка Маала кое е заштитена природна реткост.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Урбанистичката документација е поврзана со:

- Просторниот план на РМ
- Просторен план на Охридско-Преспански регион(2010)
- Национален акционен план за животна средина
- Стратешки план за локален економски локален развој на Општина Охрид 2002-2012
- Национален план за управување со отпад
- План за управување со отпад на Општина Охрид
- Втор Национален Еколошки Акционен План
- ЛЕАП на Општина Охрид 2019-2025
- Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид 2023-2032
- План за подобрување на квалитетот на амбиентен воздух 2023-2027
- Национална стратегија за одржлив развој 2009
- План за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20)
- Студија за проценка на Еколошкиот отисок на Општина Охрид

Целите на сите наведени плански документи се усогласени со планот и нема разлика во клучните одлуки.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

При изработка на планскиот опфат се почитувани намената и одредбите за спроведување на важечките планови од повисоко ниво, Просторниот план на РМ како и Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (Службен весник на РСМ, број 45/20)

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Изготвениот извештај за СЕА ќе даде понатамошни насоки за донесување на одлуките во подоцнежната фаза

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | ГРАДОНАЧАЛНИК<br>Кирил Пецаков |
| Датум 26.06.2026г<br>Место Охрид | М.П. |